ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ
ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО
Бр. 03-796/1
20.09.2021 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на на член 49 став (2) и 55 став (2) од Законот за организација и работа на органите на државната управа (" Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 38/144, 82/08, 167/10, 51/11) и („Службен весник на Република Северна Македонија 96/2019 и 110/2019) и член 10 од Одлуката за начинот на користење и одржување на службените возила донесена од страна на Владата на Република Северна Македонија (" Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 214/00 ), а согласно правилник за користење и сервисирање на возниот парк на Државниот инспекторат за земјоделство, набавка и начин на користење на гориво и начин на користење и следење на GPRS системот со бр.02-952/1 од 02.11.2017 година., Директорот на Државниот инспекторат за земјоделство донесе:

**ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИК ЗА КОРИСТЕЊЕ И СЕРВИСИРАЊЕ НА ВОЗНИОТ ПАРК НА ДРЖАВНИОТ ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, НАБАВКА И НАЧИН НА КОРИСТЕЊЕ НА ГОРИВО И НАЧИН НА КОРИСТЕЊЕ И СЛЕДЕЊЕ НА GPRS СИСТЕМОТ СО БР.02-952/1 ОД 02.11.2017 ГОДИНА**

Член 1

Во Правилник за користење и сервисирање на возниот парк на Државниот инспекторат за земјоделство, набавка и начин на користење на гориво и начин на користење и следење на GPRS системот со бр.02-952/1 од 02.11.2017 год., зборовите: „Република Македонија" се заменуваат со зборовите „Република Северна Македонија".

Член 2

Во член 2 во ставот (1) по алинеја 5 се додава нова алинеја (6), кој гласи:

,,Секој вработен кој има потреба за користење на службено возило треба да поднесе Барање за користење на службено возила за службени потреби во писмена или електронска форма до Сектор за проекти и административна поддршка на директорот.Барањето треба да се достави 1 (еден) ден претходно од денот кога треба да се користи службеното возило за службени потреби(службен пат), а најдоцна 3 (три) часа пред користењето на услугата за превоз за службени потреби и истото се одобрува од страна на директорот на Диз или овластеното лице. ''.

Член 3

Во член 6 по ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

,,Користењето на службените возила треба да биде одобрено, оправдано, наменско и рационално и во сообразност со визијата, мисијата, целите и делокругот на работата на Државниот инспекторат за земјоделство согласно неговите надлежности. ''.

Член 4

Член 7 се менува и гласи:

,,Со возилата и пловните објекти од член 3 став (1) од овој Правилник се задолжуваат одредени службени лица вработени во ДИЗ од ниво Г1- помлад референт до ниво В1-советник, кои поседуваат возачка дозвола од соодветна категорија со одобрување од страна на Директорот на ДИЗ. Задолжувањето/овластувањето за управување како и раздолжувањето со возилата и пловните објекти е во писмена форма и одобрено од директорот на ДИЗ.

Задолжувањето/овластувањето за управување како и раздолжувањето (записник за примопредавање) со службеното возило или пловен објект ги содржи основните податоци ( име и презиме на задолжениот корисник, ниво на работно место на корисникот ,тип на возило, бројот на регистарските таблички, ден на задолжување или раздолжувањето, бројна состојба на поминати километри при задолжувањето или раздолжувањето, состојба на возилото при прием и враќање во возниот парк, своерачен потпис на задолжениот/овластениот корисник, потпис на одговорното лице за возниот парк и потпис на директорот на ДИЗ ).

Корисникот на службеното возило по завршувањето на службената задача возилото треба да го врати во кругот на седиштето на ДИЗ или во кругот на подрачната единица или граничниот премин, додека пловните објекти на претходно одреденото место.

Во случај кога корисникот на службеното возило при враќање од терен, службено патување и слично, задолжително ќе го контактира овластеното лице на возниот парк, и ќе го извести дека служеното возило не може да го паркира на предвиденото местото, во кругот на ПЕ или ГП, и со одобрување на овластеното лице возилото може да се паркира на друго, безбедно место. ''.

Член 5

Член 8 се менува и гласи:

,,Корисници на службени возила е директорот на ДИЗ кој има право на 24 часовно користење на службено возило и одредени задолжени корисници- Раководни административни службеници од ниво Б2-Б4 и одредени службени лица од ниво В1-советник кои можат да користат возило согласно овој член со одобрување од страна на раководното лице на институцијата.

Одобрувањето за користење на слубените возила соглсно став (1) на овој член е тесно поврзан со специфичноста на работењето на инспекторатот.

Државниот инспекторат за земјоделство е инспекциска служба и согласно надлежностите кои произлегуваат од законските и подзаконските акти по кои постапува, често пати се јавува потребата од вршење на итни и неодложни работни задачи (вонредни инспекциски надзори, други акции кординирани (заеднички) со другие институции), како и овозможување на дискреција при работа во било кој период од денот како и во ноќните часови. Од тие причини на одредени

вработени лица од став 1 од овој член во Државниот инспекторат за земјоделство им е овозможено да ги користат службените возила 24 часа за службени потреби.

Во Правилникот за систематизација на работните места во Државниот инспекторат за земјоделство е предвидено и работното место возач кој извршува превоз за службените потреби на Инспекторатот и кој може службеното возило да го користи согласно став 1 од овој член.

Задолжувањето/овластувањето за управување како и раздолжувањето(записник за примопредавање) за службеното возило или пловен објект ги содржи основните податоци ( име и презиме на задолжениот корисник , ниво на работно место на корисникот ,тип на возило, бројот на регистарските таблички, ден на задолжување или раздолжувањето , бројна состојба на поминати километри при задолжувањето или раздолжувањето, состојба на возилото при прием и враќање во возниот парк, своерачен потпис на задолжениот/овластениот корисник, потпис на одговорното лице за возниот парк и потпис на директорот на ДИЗ). ''.

Член 6

Во член 11 по ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

,,Секој корисник на службено возило кој ќе забележи на службеното возило дефект, истиот го пријавува кај лицето задолжено за одржување на службените возилата, кое е задолжено да изврши дијагностика на дефектот и во зависност од потребите ги презема потребните активности за сервисирање на возилото и пловен објект. Корисникот на службеното возило доколку процени дек возилото не е безбедно за користење истото не го користи се до отсранување на дефектот. ''.

Член 7

Во член 17 по ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

,,Секоја поправка извршена на службеното возило кое е во сопственост, односно го користи Државниот инспекторат за земјоделство, лицето задолжено за одржување на службените возилата ја внесува во Матичен картон на службено возило, кој е даден во (Прилог бр.7) и е составен дел на овој правилник. ''.

Член 8

Во член 18 по ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

,, Доколку при користење на службено возило настане кражба на истото корисникот на возилото веднаш го известува лицето задолжено за одржување на службените возилата и во исто време во најблиската полициска станица ја пријавува кражбата, во спротивно загубите ги сноси лично корисникот на службеното возило.''.

Член 9

Во член 23 во став 3 по зборот ,,километражата,'', се додава зборот ,,во сметката''.

Во став 4 по зборот ,,измена ''точката се брише и се додава зборот ,,(Прилог бр.8).''.

По став (4) се додава нов став (5) кој гласи:

,, Доколку за службени потреби се користи приватно возило од страна на задолжени корисници, треба да поднесат барање до овластеното лице на возниот парк или раководното лице на институцијата. Поднесеното барање од страна на корисниците се одобрува или не се одобрува од страна на овластеното лице на возниот парк или раководното лице на институцијата. Доколку не се поднесе барање или истото не се одобри, нема да се признаваат никакви трошоци.''.

Член 10

По член 26 се додава нов наслов и нов член 26-а, кои гласат:

,,КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ

Член 26-а

Секое постапување спротивно на овој Правилник ќе биде основ за поведување на постапка за дисциплинска одговрност на вработениот во Државниот инспекторат за земјоделство кој е опфатен со овој правилник.''.

Член 11

Прилозите што се стотставен дел од Правилник за користење и сервисирање на возниот парк на Државниот инспекторат за земјоделство, набавка и начин на користење на гориво и начин на користење и следење на GPRS системот со бр.02-952/1 од 02.11.2017 год.,се менуват со нови прилози, Прилог .

Член 12

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето , а ќе се објави на огласна табла во Државниот инспекторат за земјоделство и на веб страната на Државниот инспекторат за земјоделство.

Бр. 03-796/1

20.09.2021 година

Скопје

**Директор на Државниот инспекторат за земјоделство**

**Зоран Шапуриќ**